Уп. бр. 08-21

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 20 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје, преку адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Ќелешоска од Скопје, во постапката поведена со Заклучок Уп.бр.08-98 од 12.10.2023 година, на седница одржана на ден 20.03.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата за која е поднесено известување од страна на КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје,, со која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје имаат намера извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.87 Скопје – Кисела Вода, а воедно ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје ќе ја откупи опремата за транспорт на неопасен отпад од Друштвото за производство, трговија и услуги ЕКОПАК СКС ДОО Скопје со седиште на ул. Ѓорѓи Абаџиев бр.12 Скопје нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците во концентрацијата и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 20 став (1) точка 1) од истиот Закон, под услов да се исполнат превземените обврски доставени на 15.03.2024 година, а согласно член 20 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се наложува обврска подносителите на известувањето КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје, да ги исполнат во целост „Предлог изменети обврски на Страните со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата“доставени со допис од 15.03.2024 година, на начин и во роковите утврдени во Изменетите обврски, а со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

3.Неисполнувањето на некој услов или обврска од ова Решение, претставува прекршок согласно член 60 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата и основ за поништување на ова Решение согласно член 21 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

4.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., согласно тарифен број 34 од Законот за административни такси ("Службен весник на Република Македонија„бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10 и 17/11)) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 05.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација со која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка со седиште на ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје со седиште на ул. Лисец бр.1Б Скопје (во понатамошниот текст заедно: подносители на известување) имаат намера да извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.87 Скопје – Кисела Вода, а воедно ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје ќе ја откупи опремата за транспорт на неопасен отпад од Друштвото за производство, трговија и услуги ЕКОПАК СКС ДОО Скопје со седиште на ул. Ѓорѓи Абаџиев бр.12 Скопје (во понатамошниот текст - сите заедно: учесници во концентрацијата), со што настанува концентрација согласно член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

На ден 20.07.2023 со допис бр.08-98 Комисијата побара податоци од Министерство за животна средина и просторно планирање за издадени дозволи за извоз на отпадна хартија, односно податоци на кои извозници (носител на дозвола) им е издадена дозволата, за која количина и за земја на дестинација одделно за 2021 и 2022 година

На ден 20.07.2023 со допис бр.08-98 Комисијата побара од од КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: НУТРИВЕТ) дополнување на известувањето со доставување на, Копија од лиценци на учесниците во концентрацијата; Објаснување на начинот на остварување на заедничка контрола (доставување на правен акт од кој произлегува истата); Објаснување на начинот на функционирање на процесот на постапување со неопасен отпад од пакување (кои страни се инволвирани и нивните меѓусебни односи, односно кој со кого за што склучува договор и кој на кого за што му плаќа надомест); Податоци за локациите на кои ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ (во понатамошниот текст: ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА) има складови за складирање и третман на неопасен отпад; Објаснување за склаодовите за складирање и третман на неопасен отпад кои ги има НУТРИВЕТ во Битола и Прилеп, дали истите се активни или не и дали се предмет на концентрацијата; На која далечина од складот се врши собирање и транспорт на неопасен отпад од страна на Нутривет и на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА; Детални податоци за пазарите на кои се присутни учесниците во Република Северна Македонија и тоа детални објаснувања

на одделни производи и услуги со кои се присутни, објаснувања на сите алтернативни релевантни пазари кои може да се дефинираат, пазарни удели на релевантни пазари кои може да се дефинираат на учесниците во концентрацијата и на нивните конкуренти, вклучувајќи и податоци за можните најтесно дефинирани пазари (вклучувајќи можни одделни пазари по вид на неопасен отпад и на најтесно дефинирани географски пазари кои би ја опфаќале територијата на градот во кој се наоѓа складот).
На ден 10.07.2023 со допис наш бр. 08-98 до Комисијата, од група компани со дозволи за собирање и трговија на неопасен отпад доставена е Иницијатива за проверка на градење монополска позиција на пазарот за трговија со отпадна хартија преку спојување на компаниите НУТРИВЕТ и ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА.

На ден 03.08.2023 со допис наш бр.08-98 од КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка и НУТРИВЕТ доставија барање за продолжување на рок за дополнување на известување за концентрација.

На ден 07.08.2023 со допис наш бр.08-98 Комисијата достави одгповор до КАППА СТАР РЕЈСАКЛИНГ ДОО, Умка и НУТРИВЕТ.

На ден 31.07.2023 со допис наш бр.08-98 Министерство за животна средина ипросторно планирање на Република Северна Македонија ги достави бараните податоци по електронски пат, односно по пошта ги достави на 24.08.2023.

На ден 01.09.2023 со допис наш бр. 08-98 КАППА СТАР РЕЈСАКЛИНГ ДОО, Умка, и НУТРИВЕТ доставија дополнување на известување за концентрација

На ден 13.09.2023 со допис наш бр.08-98 КАППА СТАР РЕЈСАКЛИНГ ДОО, Умка и НУТРИВЕТ доставија појаснување во врска со Дополнувањето на известувањето за концентрација.

На ден 18.09.2023 Комисијата издаде Потврда за прием на уредно известување за концентрација бр.08-09.

На ден 13.09.2023 година со Заклучок за прибавување на податоци бр.08-98 Комисијата од: Друштво за обработка и остранување на отпад ВЕЈСТЕР ДООЕЛ Скопје-ТРУБАРЕВО ул.6 бр.35,Скопје; Трговско друштво за производство,трговија,угостителство и услуги АГРО ПАЛ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извос с.Брвеница, Брвеница-МАРШАЛ ТИТО ББ,Брвеница; Друштво за производство, услуги,транспорт и трговија ТЕА-АНДРЕА увоз-извоз,ДООЕЛ Прилеп-Бул.АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ 2/11, Прилеп.; друштво за производство трговија и услуги ПАВОР извоз- увоз ОРЦЕ ДООЕЛ Скопје, Ул.Академик Пенчо Двачев бр.146, Велес; Друштво за производство трговија и услуги УНО ПРОДУКТ ДООЕЛ увоз-извоз-Куманово, ул. Никола Тесла 166Б, Куманово и Друштво за производство промет и услуги МИПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје БОРИС ТРАЈКОВСКИ 117, СКОПЈЕ побара доставување на податоци и тоа: Вкупно откупени количини на отпадна пластика во 2021 година одделно по снабдувачи; Вкупно откупени количини на отпадна пластика во 2022 година одделно по снабдувачи, Вкупно

откупени количини на отпадна пластика во првата половина на 2023година одделно по снабдувачи.

На ден 13.09.2023 со Заклучок за прибавување на податоци бр.08-98 Комисијата од Друштво за производство трговија и услуги АКРОН ДОО увоз-извоз Скопје-бул.БОРИС ТРАЈКОВСКИ 200К/стаклара, Скопје. побара доставување на податоци и тоа: Вкупно откупени количини на отпадно стакло во 2021 година одделно по снабдувачи; Вкупно откупени количини на отпадно стакло во 2022 година одделно по снабдувачи; Вкупно откупени количини на отпадно стакло во првата половина на 2023година одделно по снабдувачи.

На ден 13.09.2023 со Заклучок за прибавување на податоци бр.08-98 Комисијата од Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија ПЕЈПАР МИЛ ДОО КОЧАНИ ул.Тодосија Паунов бр.36,Кочани. побара доставување на податоци и тоа: Вкупно откупени количини на отпадна хартија во 2021 година одделно по снабдувачи; Вкупно откупени количини на отпадна хартија во 2022 година одделно по снабдувачи; Вкупно откупени количини на отпадна хартија во првата половина на 2023година одделно по снабдувачи.

На ден 13.09.2023 година со допис бр. 08-98 Комисијата побара доставување на податоци од Министерство за Финанси Царинска Управа и тоа податоци за: Вкупно остварена количина на извоз на отпадна хартија, одделно по извозник и одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно остварена количина на увоз на отпадна хартија, одделно по извозник и одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно остварена количина на извоз на отпадна пластика, одделно по извозник и одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно остварена количина на увоз на отпадна пластика, одделно по извозник и одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно остварена количина на извоз на отпадно стакло, одделно по извозник и одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно остварена количина на увоз на отпадно стакло, одделно по извозник и одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година.

На ден 18.09.2023 година, со допис бр.08-98, по електронски пат Комисијата побара од Министерство за животна средина просторно планирање да достави податоци за:Назив и адреса на правни субјекти кои имаат дозвола за складирање на неопасен отпад (хартија, стакло и пластика) на локација на територија на Град Скопје, и дали покрај локацијата во Скопје имаат дозвола за складирање на неопасен отпад (хартија, стакло и пластикана) на друга локација освен на територија на град Скопје (да се наведе и другата/ другите локации);Остварен вкупен увоз на отпадна хартија по увозници одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година; Остварен вкупен увоз на отпадно стало по увозници одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година; Остварен вкупен увоз на отпадна пластика по увозници одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година; остварен вкупен извоз на отпадно стало по извозници одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година; остварен вкупен извоз на отпадна пластика по извозници одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно собрана отпадна хартија одделно за 2021,

2022 и првата половина од 2023 година;Вкупно собрана отпадна пластика одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година; Вкупно собрано отпадно стакло одделно за 2021, 2022 и првата половина од 2023 година;Назив и адреса на капацитети во Република Северна Македонија кои вршат преработка на отпадна хартија, отпадна пластика и отпадно стакло и количина на примен отпад за преработка во 2021, 2022 и првата половина од 2023 година одделно за секој субјект.

На ден 20.09.2023 година со допис наш бр. 08-98 АКРОН ДОО увоз-извоз Скопје- достави податоци

На ден 21.09.2023 година со допис наш бр. 08-98 ПАВОР ДООЕЛ Друштво за производство трговија и услуги ПАВОР извоз-увоз Орце ДООЕЛ Скопје достави податоци

На ден 25.09.2023 година со допис наш бр. 08-98 Пејпер Мил Кочани достави податоци.

На ден 27.09.2023 година со допис наш бр.08-98 Министерство за Финанси Царинска Управа достави податоци

На ден 27.09.2023 година со допис наш бр.08.98 Министерство за животна средина просторно планирање. Достави податоци

На ден 12.10.2023 година со Заклучок бр. 08-98 Комисијата поведе постапка за оценка на предметната концентрација.

На ден 13.10.2023 со допис наш бр. 08-98 КАПА СТАР РЕЈСАКЛИНГ ДОО и НУТРИВЕТ, доставија дополнителни податоци (побарани од Комисијата со електронска порака од 05.10.2023).

На ден 13.10.2023 година со допис наш бр.08-98 Друштво за производство,услуги, транспорт и трговија ТЕА-АНДРЕА увоз извоз, ДООЕЛ Прилеп достави податоци.

На ден 16.10.2023 година со допис наш бр.08-98 УНО ПРОДУКТ ДООЕЛ увоз-извоз - Куманово достави податоци

На ден 16.10.2023 година со допис наш бр.08-98 АГРО ПАЛ КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Брвеница, Брвеница – достави податоци

На ден 25.10.2023 година со допис бр. 08-98 Комисијата од Министерство за животна средина просторно планирање,побара доставување на податоци и тоа: Листа на субјекти кои имаат важечка А интегрирана еколошка дозвола; Копија од годишни извештаи за постапување со отпад за 2022 година за субјекти кои имаат дозвола за собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија, отпадна пластика и отпадно стакло, а кои извршиле увоз и/или извоз на отпадна хартија, отпадна пластика и отпадно стакло во 2022 година.

На ден 27.10.2023 со допис наш бр. 08-98 по електронски пат Царинската управа достави податоци до Комисијата.

На ден 30.10.2023 година со допис бр08-98 Комисијата побара од Министерството за животна средина и просторно планирање да ги достави сите податоци за отпадна хартија кои се доставени од колективните постапувачи со отпад за 2022 година (како што е вкупна количина на рециклирана хартија во Северна Македонија, вкупно извезена отпадна хартија и слично).

На ден 31.10.2023 година Комисијата со заклучок бр. 08-98 побара од: Каппа Стар Ресајклинг ДОО И Нутривет, да достават податоци за откупен неопасен отпад во локациите за складирање во Скопје за 2022 година и тоа: вкупно откупени количини на отпадна хартија од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадна пластика од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадно стакло од физицки лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадно стакло од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на стакло од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје.

На ден 01.11.2023 година Комисијата со заклучок бр. 08-98 побара од ДПТТУ ЕУРО БОС РАФ ДООЕЛ Скопје, ДПСА ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ, ДСППО ЕКОЦЕНТАР 97 Скопје, ДППУ ЕКО ЦИРКОН ДОО експорт-импорт Скопје, ДПТУ Бонивес Компани ДОО Скопје, ДПТУ Бонум Васка увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, ДПТУ ДАЛАС ДВА ДООЕЛ –увоз-извоз Скопје, КАПИТАЛ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, КАПИТАЛ ПРОЕКТ ПЛУС ДООЕЛ Скопје,ДТУ ЕКО ВИСТ КОМЕРЦ ДОО увоз-извоз Скопје, ДТУ АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје, ДПТУ Пластика Рецуклинг увоз-извоз ДОО Скопје, Друштво за производство, промет и услуги МИПРОМ Миле и др. ДОО увоз-извоз Скопје, Друштво за трговија и услуги ЕКСИМ МЕТАЛ ДООЕЛ Скопје, УНИТРЕЈД ЕКО ГРУП ДООЕЛ увоз извоз Скопје, МИТЕКО ДООЕЛ Скопје, ВЕЈСТЕР ДООЕЛ Скопје, ДПТУ СНС РЕ-ПЛАСТ ДОО Скопје, ДППУ ДАУТИ КОМЕРЦ АД увоз-извоз Скопје, ЕТЕР ТЕЦХНОЛОГУ Скопје, ЕУРОАКТИВА Скопје, РД МЕТАЛ СУРОВИНА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, ДТПУ ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, ЕКО ВИСТ КОМЕРЦ Скопје, ЦЕНТАР ЗА РЕЦИКЛАЖА Скопје, АКРОН ДОО Скопје, Унитрејд 2012 ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, ДПТУ ЛОКОМОТИВ МЕТАЛ ДООЕЛ Скопје, ТДПТУ ПЛАСТЕКС ДООЕЛ Скопје, ДТУ КАТ РЕЦИКЛИРАЊЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ДТТУ ФЕМИ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ДПУТ БУ БО МЕТАЛИКА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕКО УЛТИМА ДООЕЛ Скопје, Друштво за трговија, услуги, обработка на отпад и производство на енергија Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје, ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола, ЕКО ГАМИ ДООЕЛ Скопје, ДСППО ЕКОЦЕНТАР 97 Скопје, ЉУТА ЕКОРЕЦИКЛИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ДПТУ Павор извоз увоз Орце ДООЕЛ Велес, Пакома Трејд ДООЕЛ

Битола, Ниссал & Адех ДООЕЛ Куманово, АГРОПАЛ КОМПАНИ ДОО с. Брвеница, ЕКО ТЕ РЕЦИКЛЕ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, да доставаат податоци за откупен неопасен отпад во локациите за складирање во Скопје за 2022 година и тоа: вкупно откупени количини на отпадна хартија од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадна пластика од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадно стакло од физицки лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадно стакло од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на стакло од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје.
На ден 03.11 2023 година со допис наш бр. 08-98 МИПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје достави податоци.

На ден 04.11.2023 год.по електронски пат Комисијата побара од Царинската управа доставување на дополнителни податоци –увоз и извоз, по субјекти за тарифен бр.391508000, на ден 22.12.2023 година со допис бр.08-98 Комисијата изврши корекција на бараните податоци во делот на тарифен број (3915908000).

На ден 06.11.2023 година со допис бр.08-98 по електронски пат Комисијата побара дополнителни податоци од Царинската управа (вкупен увоз и извоз на отпадно стакло за 2022 година).

На ден 06.11.2023 година со допис наш бр. 08-98 од 06.11.2023 ДПТУ Бонум Васка увоз-извоз ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 06.11.2023 година со допис наш бр. 08-98 од 06.11.2023 МИТЕКО ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 06.11.2023 година со допис нашбр. 08-98 од 06.11.2023 ДТУ АС БОСФОР ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 06.11.2023 година со Заклучок бр. 08-98 од 06.11.2023 година, Комисијата од *Пакомак* ДОО– Друштво за управување со пакување и отпад од пакување, Порта Влае бр.4 Скопје, Еуро-Екопак, ул Лондонска бр.19 Скопје и од Алпак-Еко ДОО, ул. Димитрие Чуповски бр.13 Скопје побара доставување на следните податоци и тоа: Назив и адреса на правни лица кои имаат складови за собирање на отпад од пакување на територија на Град Скопје, а со кои истите имаат склучено договор, а кои договори биле во важност во 2022 година и копија од годишен извештај доставен до Министерство за животна средина и просторно планирање за 2022 година.

На ден 07.11.2023 година со допис, наш бр. 08-98 Министерството за животна средина и просторно планирање достави податоци.

На ден 07.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 подносителите на известувањето доставија податоци.

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Еуро-Екопак ДОО Скопје достави одговор на заклучокот.

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Пакомак ДОО Скопје достави одговор на заклучокот.

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Алпак-Еко ДОО Скопје достави одговор на заклучокот.

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Ниссал & Адех ДООЕЛ Куманово достави податоци.

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ЦЕНТАР ЗА РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Куманово достави податоци

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ДТТУ ФЕМИ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје достави податоци

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ДПСА ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ достави податоци

На ден 13.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Павор ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 13.11.2023 година и на 14.11.2023 со доипис наш бр.08-98 Еко Гами Скопје достави податоци.

На ден 14.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Унитрејд Еко Груп ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 15.11.2023 година Комисијата со заклучок бр. 08-98 побара од ЕКОПАК СКС ДОО Скопје, ЕКО МЕТАЛ 16 ДООЕЛ Скопје, ГРИНСТАР ДОО Скопје, АСД МЕТАЛ ГРУО ДОО Скопје, ДЕМА ИН ДООЕЛ Скопје, ЕКО КОЛЕКТОР ИЦК ДООЕЛ Скопје, ТАНГЕНТА 2.0 ДООЕЛ Скопје, Комунална Хигиена Скопје,да достават податоци за откупен неопасен отпад во локациите за складирање во Скопје за 2022 година и тоа: вкупно откупени количини на отпадна хартија од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадна пластика од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од правни субјекти (создавачи на

отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадно стакло од физицки лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадно стакло од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на стакло од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје.
На ден 16.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Еко Вист Комерц Скопје достави податоци.

На ден 17.11.2023 година Комисијата со заклучок бр. 08-98 побара од ЕКОПРОЕКТ-КО ДОО Скопје, ЕКО МАГО ДООЕЛ, Скопје, ЈКП Сарај да достават податоци за откупен неопасен отпад во локациите за складирање во Скопје за 2022 година и тоа: вкупно откупени количини на отпадна хартија од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадна пластика од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадно стакло од физицки лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадно стакло од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на стакло од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје

На ден 17.11.2023 година по електронски пат, на барање на подносителите на известувањето, Комисјата закажа состанок и истиот се одржа на 27.1.2023 година.

На ден 16.11.2023 година, по електронски пат, Комисијата од подносителите на известувањето поба објаснување на податоци доставени од ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА за извоз на отпадна фолија. По електронски пат на ден од 20.11.2023 година од подносителите на известувањето беше доставено бараното објаснување. Дописот е заведен на 21.11.2023 година со бр.08-98.

На ден 21.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ДПТУ Бонивес Компани ДОО Скопје достави податоци.

На ден 21.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Дема Ин Скопје достави податоци.

На ден 21.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ЕКО-ЦИРКОН ДОО Скопје достави податоци.

На ден 27.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ЕУРОАКТИВА Скопје достави податоц.

На ден 27.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 ЕКО МАГО ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 28.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Гримтех МК ДОО Скопје достави податоци.

На ден 28.11.2023 година со доипис наш бр.08-98 Екоцентар 97 ДООЕЛ Скопје достави податоци.

На ден 01.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 АСД метал Груп, Скопје достави податоци.

На ден 01.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 АКРОН ДОО, Скопје достави податоци.

На ден 04.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 МИПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје достави податоци.

На ден 04.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 Еко Колектор ИЦК Скопје достави податоци.

На ден 05.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 Пластика Рецуклинг ДОО Скопје достави податоци

На ден 06.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 Промет Стеел Холдинг ДОО, Скопје достави податоци

На ден 14.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 Уни трејд 2012, Скопје достави податоци

На ден 21.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 Уни трејд 2012, Скопје достави податоци

На ден 25.12.2023 година Комисијата донесе заклучок за прибирање на податоци на лице место од Вејстер ДООЕЛ Скопје. Истиот ден е составен Записник за извршените дејствија.

На ден 26.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 ВЕЈСТЕР ДООЕЛ Скопје-ТРУБАРЕВО достави податоци

На ден 27.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 ВЕЈСТЕР ДООЕЛ Скопје-ТРУБАРЕВО достави податоци

На ден 27.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 Ексим Метал ДООЕЛ Скопје-ТРУБАРЕВО достави податоци

На ден 27.12.2023 година со доипис наш бр.08-98 подносителите на известувањето доставија дополнителни информации за релевантни пазари и пазрни удели.

На ден 28.12.2023 година со допис бр.08-98 Комисијата до подносителите на известувањето достави допис со кој ги извести дека утврдиле дека евентуалното спроведување на предметната концентрација ќе доведе до занчително ограничување на конкуренцијата особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија, на територија на Република Северна Македонија, односно на територија на Град Скопје.

На ден 16.01.2024 година со допис наш бр.08-21 подносителите на известувањето доставија Предлог Обврски на Страните со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со законот.

На ден 31.01.2024 година со допис наш бр.08-21 Комисијата ги извести подносителите на известувањето дека предложените обврски се неприфатливи за Комисијата.

Со допис по електронски пат (наш бе.08-21 од 05.02.2024 година подносителите на известувањето побараа одржување на состанок во врска со обврските.

Комисијата по електронски пат закажа состанок за 14.02.2024 година, кога истиот и се одржа.

На ден 14.02.2024 година со допис наш бр.08-21 подносителите на известувањето побараа продолжување на рокот согласно член 24 од Законот.

На ден 14.02.2024 година со допис бр.08-21 Комисијата го продолжи рокот согласно член 24 од Законот.

На ден 14.02.2024 година со допис по електронски пат подносителите на известувањето побараа одржување на состанок.

На ден 19.02.2024 Година Комисијата по електронски пат закажа состанок за 20.02.2024 година кога истиот и се одржа.

На ден 01.03.2024 година со допис наш бр.08-21 подносителите на известувањето доставија Предлог изменети обврски на Страните со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата.

На ден 04.03.2024 година со допис наш бр.08-21 подносителите на известувањето доставија технички корегирани - Предлог изменети обврски на Страните со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата

На ден 12.03.2024 година Комисијата со допис бр. 08-21 ги извести подносителите на известувањето дека на седница одржана на ден 12.03.2024 година Комисијата ги разгледа технички корегираните - Предлог изменети обврски на Страните со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата (доставени на 04.03.2024 година) и утврди дека истите не се прифатливи за Комисијата, како и дека Комисијата ќе ги прифати обврските како доволни само доколку учесниците во концентрацијата предвидат во обврските дека нема да ја спроведат концентрацијата пред да стапат во обврзувачки договор со купувач за деловниот потфат, одобрен од страна на Комисијата .

На ден 15.03.2024 година со допис наш бр.08-21 подносителите на известувањето доставија „Предлог изменети обврски на Страните  со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата“

*Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото, дополнувањето и дополнително прибавените податоци во текот на постапката го утврди следното:*

1. Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО Умка, Србија е друштво со ограничена одговорност основано во Република Србија со седиште на ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија, со основна трговска дејност 38.32 - Обновување на посебно издвоени материјали.

КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ е овластен оператор за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад во Република Србија како и одредени видови на опасен отпад. Основана во 2010 година, а од 2011 година, КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ започнал со работа во земјите од регионот преку своите компании ќерки и денес е присутна во Унгарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Романија, Бугарија и Албанија.

Услуги кои ги нуди КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ:

- Управување со сите видови отпад (отпад од пакување, неопасан отпад, одредени видови опасен отпад) согласно Законот за управување со отпад;
- Консултантски услуги во областа на управување со отпад;
- Обуки од областа на управување со отпад;
- Креирање на план за управување со отпад согласно српското законодавство;
- Помош при добивање извештај за карактерот на отпадот од акредитирани лаборатории.

КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ е 100% сопственост на КАППА СТАР ЛИМИТЕД друштво основано во Кипар, кое пак е XXX[1]. КАППА СТАР ЛИМИТЕД е на врвот на групацијата КАПА која ја сочинуваат повеќе компании основани во Србија, Унгарија, Романија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Кипар и Косово ("КАПА Групација”).

Дејностите на КАПА Групацијата би можеле да се групираат во пет сегменти, т.е. пазари кои се предводени од следниве компании и нивните подружници и зависни друштва:

1) Производство на картон (Фабрика за картон Умка ДОО Умка во Србија);
2) Управување со отпад (КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО Умка во Србија);
3) Производство на кондиторски производи (Фабрика за бисквити и кекси ЈАФА ДОО Црвенка, Србија);
4) Колективно постапување со отпад од пакување во Србија ( Екостарпак ДОО Белград)
5) Логистички услуги (КСГ Логистик ДОО Белград)
6) Изнајмување и управување со деловни простории.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ единствен содружник на **ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА**. ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА е друштво со ограничена одговорност основано во Република Северна Македонија со седиште на ул. Борис Трајковски бр.87 Скопје – Кисела Вода со приоритетна дејност 38.11 - Собирање на безопасен отпад.

ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА првенствено се занимава со собирање, транспорт и складирање и третман на неопасен отпад за кое поседува соодветна дозвола издадена од Министерството за животна средина.

ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА го преземаат отпадот од помалите и поголемите продавници, маркетите, во просториите на производителот како и на локацијата на други клиенти, како и отпадот транспортиран до локација на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА кој го носат и продаваат останати добавувачи, XXX физички лица, а по соодветен преттретман, сортирање, балирање истиот понатаму се извезува за рециклирање кај соодветни друштва кои имаат капацитети за рециклирање.

За собирање и транспорт на отпад ЕРС користи возила со автоматска пресувачка машина, од тип на контејнери и други возила и средства за собирање.

ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА собира отпад од пакување како и сите други видови отпадоци од хартија, канцелариски отпад, фрлени списанија, книги, весници, пластика и друго. XXX отпадот кој го собира ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА претставува отпад од хартија, XXX стакло, пластика и метал XXX.

ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА не поседува удели во други друштва во Северна Македонија XXX.

**НУТРИВЕТ** е друштво со ограничена одговорност основано во Република Северна Македонија со седиште на ул. Лисец бр.1Б Скопје, со приоритетна трговска дејност 46.77 Трговија на големо со отпадоци и остатоци. НУТРИВЕТ е во сопственост на лицето Живко Серафимовски кој поседува удел од 66,66% и Миодраг Костоски со удел од 33,33% од основната главнина на друштвото.

НУТРИВЕТ е формирана 2003 година. Друштвото претежно е присутно на два посебни пазари: продажба на ветеринарни фармацевтски, парфимериски и козметички препарати и собирање и складирање на неопасен отпад. Дополнително НУТРИВЕТ во рамките на своето работење како секундарни дејности врши издавање и управување со сопствен недвижен имот и трговија со хартија и бои за графичка индустрија.

НУТРИВЕТ започнал со работа во 2003 год. како веледрогерија на ветеринарно медицински препарати и увоз на храна за домашни миленици.

Во 2003 година НУТРИВЕТ започнал со дејност за собирање, откуп, селекција на неопасен отпад, вклучително и отпад од пакување како што е хартија, пластика, стакло и дрво.

Собраниот отпад претежно се извезува  до компаниите кои се занимаваат со рециклирање на овие суровини. XXX.

Исто така НУТРИВЕТ врши откуп на отпад  од соседните земји XXX.

Системот на собирање на неопасен отпад се одвива преку контејнери поставени во претпријатијата кои со специјални возила се подигаат и се носат на плацеви на НУТРИВЕТ каде отпадот се селектира и балира. На истите плацеви се врши и откуп на отпад од физички и правни лица. НУТРИВЕТ ги поседува потребните лиценци за работа со неопасен отпад и тоа за складирање и третман на неопасен отпад. XXX

НУТРИВЕТ директно поседува удели во други друштва во Република Северна Македонија и тоа:

1. 50% од основната главнина на Друштвото за производство , трговија и услуги ГРЕЕН СТАР ДОО Битола со седиште на ул. Новачки пат бр.13, Битола со регистрирана приоритетна дејност 70.22 - дејности на советување во врска со работењето и останато управување;
2. 42,5 % од основната главнина на Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН СТАР ЕНЕРЏИ ДОО Битола со седиште на ул. Новачки пат бр.13, Битола со регистрирана приоритетна дејност 35.11 - производство на електрична енергија;

Овие друштва не се опфатени со Трансакцијата и истите ќе продолжат со извршување на својата регистрирана дејност.

XXX

Содружниците на НУТРИВЕТ имаат удели во  други друштва во Република Северна Македонија и тоа:

1) Живко Серафимовски удел од 67% и Миодраг Костоски удел од 33% во основната главнина на Друштвото за производство, трговија и услуги ***ЕКОПАК СКС ДОО Скопје*** со седште на ул. Ѓорѓи Абаџиев бр.12 Скопје со ЕМБС 6027814  ул. Лисец бр.1Б Скопје,  со приоритетна дејност 46.90 – неспецијализирана трговија на големо;

Друштвото ЕКОПАК СКС ДОО поседува лиценца за транспорт на неопасен отпад и ова друштво е наменско за потребите на НУТРИВЕТ, односно своите услуги  во делот на транспорт на неопасен отпад ги врши за потребите на НУТРИВЕТ и не дава вакви услуги на трети страни (со исклучок на колективни поставувачи во смисла на Закон за управување со пакување и отпад од пакување), а во рамките на Трансакцијата опремата, односно возилата кои ги користи за транспорт на неопасен отпад ќе ги продаде на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА по што ќе престане да се занимава со дејноста транспорт на неопасен отпад.
Освен транспорт на неопасен отпад ова друштво врши и трговија со печатарски материјали како хартија, бои за печатарска индустрија, трговија со амбалажна хартија за месо и сувомеснати производи, амбалажна хартија за пецива, џеб кеси за сендвичи, производство на термални (фискални ) ролни.

2) Живко Серафимовски  поседува удел од 63% и Миодраг Костоски поседува удел од

31% во основната главнина на Друштво за печатарски услуги ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО Скопје со седиште на ул. Лисец бр.1 Скопје -Аеродром со приоритетна трговска дејност – 18.11 Печатење на весници.
XXX

Овие друштва во кои содружниците на НУТРИВЕТ поседува удели, како и другите зависни друштва на НУТРИВЕТ, не се опфатени со Трансакцијата и истите ќе продолжат со извршување на својата регистрирана дејност. XXX.

## 2. Правна форма на концентрацијата

На XXX година, КАПА СТАР РЕСАЈКЛИНГ, ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА, НУТРИВЕТ, ЕКОПАК СКС и физичките лица Живко Серафимовски и Миодраг Костовски склучиле Меморандум за разбирање („Меморандум“), врз основа на кој се согласиле, ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА и НУТРИВЕТ да ги спојат своите деловни потфати во делот на собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на територијата на Северна Македонија (во понатамошниот текст како „Деловен потфат“). Спојувањето на Деловниот потфат е планирано да се изврши преку неколку поврзани трансакции кои ќе резултираат со:

-Пренос на опрема, права, имот, договори, побарувања, локации, недвижности и други средства од страна на НУТРИВЕТ и ЕКОПАК СКС на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА кои се поврзани со деловниот потфат или кои се неопходни за функционирањето на деловниот потфат; а од друга страна,
-Стекнување на XXX заедничка контрола на КАПА СТАР РЕСАЈКЛИНГ и НУТРИВЕТ на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА .

По спроведување на Трансакцијата, НУТРИВЕТ и ЕКОПАК СКС ќе престанат да се занимаваат со дејности на управување со неопасен отпад во Република Северна Македонија.

Во конкретната Трансакција, по имплементирање на истата, ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА би ги имал како капацитети складовите на НУТРИВЕТ XXX како и возилата на ЕКО ПАК СК за транспорт на неопасен отпад. ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА нема да ги наследи лиценците на НУТРИВЕТ и во првичен период ќе нама да може целосно да ги ползува новите складови се додека не добие лиценци за овие складови со оглед да постечките од НУТРИВЕТ не се преносливи.

Воедно, ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА нема да ги добие договорите од НУТРИВЕТ со генератори на одпад од кои НУТРИВЕТ директно собира и истите ќе останат слободни на пазарот.

## 3. Правен основ на концентрацијата

Меморандумот за разбирање потпишан на XXX година.

## 4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата

На светскиот пазар во 2022 година КАПА Групација има остварено вкупни приходи во износ од XXX евра, додека во Република Северна Македонија има остварено вкупен приход од XXX евра.

На светскиот пазар во 2022 година Нутривет има остварено вкупни приходи во износ од 7.978.917 евра, додека во Република северна Македонија има остварено вкупен приход од XXX евра.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и најмалку еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, за предметната концентрација постои обврска за поднесување на известување за концентрација до Комисијата согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

## 5. Релевантни пазари

**КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ** е овластен оператор за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад како и одредени видови на опасен отпад во Република Србија. КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ денес е присутна и во Унгарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Романија, Бугарија и Албанија.

Групацијата КАПА е присутна на повеќе различни пазари, вклучувајќи производство и продажба на кондиторски производи, производство на картон, логистички услуги, изнајмување и управување со недвижен имот.

Во рамките на КАПА Групацијата, само КАПА СТАР РЕСАЈКЛИНГ се занимава со собирање, транспорт, складирање, третман и продажба на неопасен отпад во Република Србија, а Фабриката за картон УМКА д.о.о Умка, која е дел од групацијата се занимава со производство на рециклирана хартија во Србија.

Во Република Северна Македонија групацијата КАППА е присутна преку производите на Фабрика за бисквити и кекси ЈАФА ДОО Црвенка, Србија како и преку зависното друштво ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА.

**ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА** е друштво кое се занимава со собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад во Република Северна Македонија, за кое поседува соодветни дозволи издадени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Претежно отпадот кој го собира ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА претставува отпад од хартија, а отпадот од стакло, пластика и метал е застапен во помал дел.

ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА го собираат отпадот од помали и поголеми продавници, маркетите, во просториите на производители како и на локацијата на други клиенти. XXX. По соодветен преттретман, сортирање, балирање на отпадот понатаму се предава на рециклирање кај соодветни друштва кои имаат капацитети за рециклирање.

XXX.

ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ги поседува следните дозволи:

- Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад (локација Кисела Вода Скопје) бр. Уп1-31-453/2020 од 07.05.2020 година и Решение за проширување на дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпад . Уп1-31-453/2021 од 25.05.2021 година;
- Дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад Уп1-31-452/2020 од 03.04.2020 година;

НУТРИВЕТ претежно е активен и најголемиот дел од своите приходи ги остварува на два пазари во Република Северна Македонија: пазар на продажба на ветеринарни, фармацевтски, парфимериски и козметички препарати и пазар на управување со неопасен отпад. Дополнително, во рамките на своето работење НУТРИВЕТ како секундарна дејност врши и: дејност на издавање и управување со сопствен недвижен имот како и трговија со хартија и бои за графичка индустрија.

На пазарот на управување со неопасен отпад, НУТРИВЕТ е активен преку вршење на дејност на складирање и третман на неопасен отпад, кој опфаќа отпад од пакување како што е отпадна хартија, пластика, стакло и дрво и друг вид на неопасен отпад. Собраниот отпад понатаму се продава на компании кои се занимаваат со рециклирање на отпадот и тоа се претежно компании надвор од Република Северна Македонија.

НУТРИВЕТ, е друштво кое поседува дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад, издадена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

XXX

По својот состав отпадот кој го собира НУТРИВЕТ опфаќа најразлични видови на хартија, стакло, пластика, и дрво, како и друг вид на неопасен отпад. Дел од отпадот претставува отпад од пакување (по својот вид исто вклучува, хартија, пластика, стакло) како посебен вид на неопасен отпад, кој отпад се генерира од производители на отпад од пакување кои се дел од системите на колективни постапувачи со кои НУТРИВЕТ има склучено договори.

XXX.

НУТРИВЕТ ги поседува следните дозволи:

- Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад (локација Битола) бр.УП1-31-171/2020 од 29.06.2020 година ( Напомена: локацијата е неактивна);

- Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад  (локација Кисела Вода, Скопје) бр.УП1-11/2-487/2022 од 04.02.2022 година ( Напомена: локацијата е неактивна);
- Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад  (локација Бутел, Скопје) бр.УП1-31-1428/2019 од 10.12.2019 година( Напомена: локацијата е неактивна);
- Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад  (локација Визбегово, Скопје) бр.УП1-11/2-1832/2022 од 30.10.2022 година ( Напомена: локацијата е активана);

XXX.

XXX

ЕКОПАК СКС ги поседува следните дозволи:

- Дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад УП1-31-1717/2020 од 16.02.2021 година;

*Функционирање на системот на управување со отпад*

Постапувањето со отпадот од пакување во Република Северна Македонија (РСМ) е регулирано со следните законски прописи: Закон за управување со отпадот; Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за управување со  дополнителните текови на отпад; Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад;

Во Закон за управување со пакување и отпад од пакување се дадени следниве дефионицции на пакување и отпад од пакување:

*„**Пакување**“ се сите производи направени од каков било вид на материјал од која било природа кој се користи за чување, заштита, ракување, испорака и презентирање на стоки, од производителот до корисникот или потрошувачот, без оглед на тоа дали стоката е суровина или готов производ. Неповратните предмети кои се користат за истите цели, исто така, ќе се сметаат за пакување. Пакувањето може да биде:*

- *а) продажно или примарно пакување (во натамошниот текст: продажно пакување), кое е пакување направено на таков начин кое претставува единствена единица за крајниот корисник или потрошувачот на местото на продажбата;*
- *б) групно или секундарно пакување (во натамошниот текст: групно пакување) е пакување направено на таков начин кое, како група обвиткува или држи заедно поголем број на основни продажни единици со продажно пакување од ист или различен вид на стока на местото на продажбата, без оглед на тоа дали се продаваат на крајниот корисник или потрошувач како група или се продаваат поединечно по продажна единица или се користат за достава до местото на*

*продажба. Групното пакување може да се отстрани од продажните единици без да се влијае врз неговите карактеристики;*

- *в) транспортно или терцијално пакување (во натамошниот текст: транспортно пакување) е пакување направено на начин со кој се олеснува ракувањето и транспортот на продажните единици или групното пакување за да се спречи физичкото оштетување при ракување и транспорт. Контејнерите, кои се за превоз на стока кои се употребуваат во патниот, железничкиот, поморскиот или воздушниот сообраќај, не се транспортно пакување;*

*„**Отпад од пакување**"е секое пакување или материјал за пакување кој е опфатен со дефиницијата за отпад во Законот за управување со отпадот, со исклучок на остатоците создадени при производството на пакувањето.*

Отпадот од пакување ги вклучува следните видови на отпад, обележани со индексни броеви, и тоа:

• 15 01 01 Амбалажа од хартија и картон;

• 15 01 02 Пластична амбалажа (фолија и ПЕТ);

• 15 01 03 Дрвена амбалажа;

• 15 01 04 Метална амбалажа;

• 15 01 07 Стаклена амбалажа;

• 15 01 05 Композитна амбалажа.

Отпадот од пакување се смета за посебен тек на отпад. Примарниот закон со кој се регулира оваа област е Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад  кој стапил на сила во 2021 година. Произведувачот на отпад преку пласман на производите на пазарот на РСМ, од кој произлегува отпадот од пакување, е должен да води грижа за отпадот по користењето на производите од страна на потрошувачот, на начин што ќе предизвика минимална штета врз животната средина, притоа исполнувајќи ги обврските од Законот. Исто така загадувачот (производителот на отпад) соодветно да плаќа, односно да го финансира системот на управување со посебни текови на отпад.

Согласно законската рамка, учесници на пазарот за управување со отпад од пакување се:

1. Производителите на отпад,
2. Самостоен постапувач со отпад,
3. Колективен постапувач со отпад,
4. Правни лица кои имаат дозвола за собирање, транспорт, складирање и третман на отпад (лиценцирани собирачи).

Производители на отпад (од пакување како посебен тек на отпад) се сите правни лица кои пласираат производи на пазарот на РСМ кои се спакувани во амбалажа (примарна, секундарна или транспортна) и истите можат да бидат увозници, пакувачи или производители на одредени производи. Производителот на отпад е должен да го минимизира влијанието на отпадот врз животната средина, односно да создаде услови за обезбедување на максимална количина на собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на оптапдот согласно сосвојот удел на пазарот. Како крајната цел на системот за постапување со отпад од пакување, меѓу другото е да се обезбеди рециклирање на отпадот и тоа е законска обврска и на самиот производител на отпад.

Општите обврски на производителот ја вклучуваат обврската да организира систем за управување со отпад низ цела територија на РСМ, што подразбира на свој трошок да воспостави и организира систем со кој ќе обезбеди одделно собирање на отпадните производи, како и одделно собирање на отпадот што се создава од производите, со цел повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад; да води евиденција за пласираниот отпад; да ја подигне јавната свест и да обезбеди исполнување на националните цели на РСМ кои се дефинирани со Законот и Програмата за управување со посебни текови на отпад во периодот од 2022-2031 година.
Производителот е должен да ги сноси трошоците за управување со посебниот тек на отпад и ваквата обврска може да ја исполни на еден од следниве начини:

- Со плаќање на надоместок на државата; или
- Со воспоставување на независен систем за управување со отпад (самостоен постапувач со отпад); или
- Со вклучување во колективниот систем за управување со отпад (организиран од колективен постапувач со отпад).

Самостоен постапувач со отпад е производител на отпад кој самостојно ги исполнува сите обврски утврдени со закон и има дозвола издадена од надлежен орган.

Колективен Постапувач со отпад е непрофитно правно лице, основано од најмалку двајца производители, чија цел е спроведување на активности за управување со посебен тек на отпад заради остварување на проширена одговорност на производителите кои се негови членови и поседува дозвола издадена од надлежен орган. Постои законско ограничување за поврзаност и концентрација на дејноста на колективен постапувач со дејноста на собирање, транспорт складирање на отпад. Ваквиот постапувач ги исполнува обврските утврдени со Закон во име и за сметка на своите членки и основачи, за што добива одреден надоместок од членките (производители на отпад) во неговиот систем.
Обврските за управување со посебен тек на отпад на договорниот производител, колективниот постапувач ги презема врз основа на склучен договор со договорниот производител со кој се прифаќаат општите услови за работа на колективниот постапувач за период од најмалку една фискална година.

Над 90% од Производителите на отпад во РСМ ја префрлиле својата обврска на колективен постапувач за отпад. Производителот на отпад може да има договор само со еден колективен постапувач.

Остварената добивка од своето работење, колективниот постапувач не смее да ја распредели како приход на основачите на колективниот постапувач, туку е должен истата исклучиво да ја користи за извршување на обврските за управување со посебен тек на отпад.

Колективниот постапувач со отпад управува со посебни текови на отпад така што ја организира  и инвестира во инфраструктура, го организира транспортот на отпад од местото каде што се собира до локацијата каде што може да се складира и подготви (селектира и балира) и обезбедува понатамошна повторна употреба или рециклирање. За собирање, транспортирање, складирање на отпад, колективниот постапувач ангажира лица кои имаат дозволи за транспорт и лица кои имаат дозволи за складирање и третман на неопасен отпад низ територија на РСМ.

Лиценцирани лица за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад (какви што се НУТРИВЕТ, ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА, ЕКОПАК СКС) поседуваат лиценци за извршување на овие активности поврзани со неопасен отпад во кој се вклучува и отпад од пакување. За добивање на лиценца потребно е соодветна локација (објект), опрема и кадар. Во Република Северна Македонија, согласно јавниот регистар на постапувачи со отпад објавен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирани се повеќе од 300 друштва кои поседуваат лиценци за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад од кои по најдобро познавање на Подносителите активно работат повеќе од 150 друштва, а останатите кои немаат активност, ги имаат исполнето сите законски предуслови да се вклучат активно во овие процеси во било кое време.

Производителите на отпад кои не настапуваат како самостојни постапувачи, склучуваат договори со (само еден) колективен постапувач и имаат обврска да плаќаат надоместок на колективниот постапувач кој се пресметува врз основа на количината на отпад од пакување која производителот ја пријавува на колективниот постапувач.

Надоместоците кои ги плаќа производителот на отпад на колективниот постапувач, се објавуваат на веб-страницата на колективниот постапувач и истите не можат да бидат пониски од оние утврдените со закон.

Колективните постапувачи склучуваат договори со лиценцираните лица за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад, при што колективен постапувач склучува договори со повеќе различни лиценцирани собирачи на отпад, односно лиценцираните собирачи немаат ограничување да склучат договори со повеќе колективни постапувачи. ХХХ.

Надоместоците кои ги плаќа колективниот постапувач на лиценцираните собирачи се утврдуваат во ценовник на колективниот постапувач и се еднакви за сите лиценцирани

собирачи и буџетот на колектиовниот постапувач за таквите надоместоци е лимитиран со оглед да тие најголемиот дел од приходот што го остваруваат преку наплата на надоместоци од производителите на отпад (најмалку 65%), го инвестира кон развој на соработката со општините во делот на инфраструктурата и подигнување на јавната свест за важноста на заштитата на животната средина, со нивно вклучување во програмите за примарна селекција. Колективниот постапувачот не смее да биде сопственик на отпадот (и да тргува со истиот) за кој има обврска да го организира управувањето.

Лиценцираните собирачи, склучуваат договори со производителите на отпад од пакување за откуп на отпадот и врз основа на тие договори им плаќаат надоместок за количините на отпад од пакување кои ги превземаат од нив.

Правното лице (Лиценциран собирач) кое врши собирање и складирање или транспортирање ,може да го даде отпадот на преработка или рециклирање во земјата исклучиво на правно лице кое има дозвола за преработка или рециклирање на отпадот издадена согласно Законот за управување со отпад и кое има склучено договор со колективниот односно самостојниот постапувач за преработка и  рециклирање.

Правното лице кои врши собирање и складирање или транспортирање, може да го даде отпадот на друго правно лице што врши собирање и складирање на отпад кое поседува дозвола за складирање согласно со Законот за управување со отпадот.

Производителот е должен да води евиденција за видот и количината на пакувања пуштени за прв пат на пазарот во Република Северна Македонија, според видот на материјалот од кој е произведено пакувањето, во текот на една календарска година во пишана и електронска форма. Производителите кои пуштаат на пазарот отпад од пакување, должни се да ги пријават количините кај колективниот постапувач со кого склучиле договор, кој пак во нивно име ја реалзира обврската за доставување на годишен извештај до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Правните лица кои складираат и вршат третман на неопасен отпад од пакување (лиценцирани собирачи) се должни да поднесат годишен извештај до Министерството за животна средина и просторно планирање  за количината на отпад од пакување што го собираат и праќаат на рециклирање.

Колективниот постапувач има обврска да доставува извештаи за пријавените количини на отпад од пакување до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Најнов официјален документ кој ја покажува состојбата на РСМ поврзан со управувањето со отпадот од пакување е Програмата за управување со специјални текови на отпад од 11.08.2022 година.Во самиот вовед на Програмата е наведено дека системот е слабо развиен и дека постојат недостатоци во доставените податоци и евиденција. РСМ има воспоставено шема за управување со отпад од пакување од 2011 година, но и покрај тоа се проценува дека околу 2/3 од отпадот не се рециклира. Најголем проблем се производителите на отпад кои

не се пријавени во системот на производители, поради што нема точна евиденција за вистинското количество на отпад од пакување кое се создава и пласира на пазарот. Инспекцискиот надзор од 2013 година покажа дека 60% од компаниите не ја исполнуваат обврската на пријавување на количество на отпад од пакување што го пласираат на пазарот на РСМ (како што уште ѝ се нарекуваат во програмата „слободни јавачи“ или „free riders“).

Во Програмата се наведува дека регистрираните производители на отпад заклучно со јуни 2022 пријавиле дека пласирале 66.368.914 кг. отпад од пакување на пазарот на РСМ и тоа: хартија 37.369.124 кг, пластика 12.368.805 кг, метал 4.418.817кг, стакло6.510.665 кг, дрво 4.116.138кг, композит 1.585.365кг.

Во Програмата се наведува дека горенаведените податоци за 2022 година не се целосни (се оглед да опфаќаат само период од 6 месеци) и се проценува дека во 2022 година на пазарот на РСМ ќе бидат пласирани околу 100.000 тони од сите видови на отпад од пакување.

## Релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар

Подносителите на известувањето, имајќи ги предвид нивните активности поточно активностите на НУТРИВЕТ, ЕКОПАКС СКС, ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА и предлагаат на Комисијата за цели на оценка на предметната концентрација, како релевантен пазар да се дефинира *пазарот на собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад* на територијата на Република Северна Македонија, при што пазарот на неопасен отпад ги вбројува хартијата, пластиката, дрвото, металот и стаклото и тоа главно како отпад што потекнува од пакување и комунален отпад.

**Комисијата утврди дека како релевантен пазар за целите на оценка на предметната трансакција треба да се дефинираат потесни пазари односно ги дефинира како релевантни следните паари:**

- **Релевантен пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија**
- **Релевантен пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна пластика**
- **Релевантен пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадно стакло**

Ова од причина што дејноста на учесниците во концентрацијата се поклопува токму на овие пазари и истите не се меѓусебно заменливи.

За наведените пазари Комисијата дефинира ***два релевантни географски пазари*** и тоа територија на Република Северна Македонија (РСМ) и територија на град Скопје бидејќи активностите на собирачите на отпад се поврзани со одредени физички локации до кои се доставува собраниот отпад и понатака се складира и третира.

Имено подносителите на известувањето инаведуваат дека по проценка на Подносителите, собирачот на отпадот - правно лице, организира превземање на отпад во радиус од околу XXX километри од складот. Но, собирачот на отпад - правно лице, може да им обезбеди на сопствениците на отпад (на било која точка во РСМ) кои работат во поголем обем, опрема за балирање на отпадот, со што се намалува волуменот на отпадот и се ослободува простор за поголем утовар , а со тоа се намлуваат транспортните трошоци. Во тие случаи, собирачот на отпад патува и на локации кои се оддалечени и се наоѓаат на целата територија на РСМ. Собирачите - Физички лица - Неформални Собирачи, со сопствена опрема и транспортни средства кои собираат и продаваат на Лиценцирани Собирачи - правни лица, работат во секој град на РСМ.

Пазарни удели на релевантниот пазар и оценка на концентрацијата

*Врз основа на податоците прибавени во текот на постапката Комисијата ги утврди следните пазарни удели на релевантните пазари:*

Табела 1: Преглед на уделите на релевантните пазари собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија ,отпадна пластика и отпадно стакло на територија на РСМ

| Тип на отпад | Нутривет | Еко Стар Рециклажа | Заеднички пазарен удел |
|---|---:|---:|---:|
| Отпадна хартија | 40-50% | 20-30% | 60-70% |
| Отпадна пластика | 5-10% | 0-5% | 10-20% |
| Отпадно стакло | 50-60% | 0-5% | 50-60% |

*1) Пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија на територија на РСМ*

Комисијата утврди дека вкупната големина на пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија на територија на РСМ изнесува 36.355 тони

Пред концентрацијата, на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија на територија на РСМ пазарниот удел на НУТРИВЕТ изнесува 40-50% додека на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА изнесува 20-30%. По концентрацијата заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 60-70%

*На наведениот пазар пред концентрацијата НУТРИВЕТ веќе поседувал пазарен удел над 40% односно поседувал пазарен удел од 40-50%. По концентрацијата заедничкиот пазарен удел ќе изнесува 60-70% следствено концентрацијата ќе доведе до значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија на територија на РСМ како резултат на*

*создавање, односно зајакнување на доминантна позиција на учесниците во концентрацијата.*

2) ***Пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна пластика на територија на РСМ***

Комисијата утврди дека вкупната големина на пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна пластика на територија на РСМ изнесува 9.769 тони.
Пред концентрацијата, на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна пластика на територија на РСМ пазарниот удел на НУТРИВЕТ изнесува 5-10% додека на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА изнесува 0-5%. По концентрацијата заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 10-20%, следствено *концентрацијата нема да доведе до значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна пластика на територија на РСМ, особено како резултат на создавање, односно зајакнување на доминантна позиција на учесниците во концентрацијата.*

3) ***Пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадно стакло на територија на Република Северна Македонија***

Комисијата утврди дека вкупната големина на пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадно стакло на територија на РСМ изнесува 6.489 тони.
Пред концентрацијата, на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадно стакло на територија на РСМ пазарниот удел на НУТРИВЕТ изнесува 50-60% додека на Еко Стар Рециклажа изнесува 0-5%. По концентрацијата заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 50-60%, зголемувањето на пазарниот удел на НУТРИВЕТ е минимално. па следствено *концентрацијата нема да доведе до значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадно стакло на територија на РСМ, особено како резултат на создавање, односно зајакнување на доминантна позиција на учесниците во концентрацијата.*

Табела 2: Преглед на уделите на релевантните пазари собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија ,отпадна пластика и отпадно стакло на територија на Град Скопје (доколку се земе предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други/ односно без откупени количини од други лиценцирани субјекти)

| Тип на отпад | Нутривет | Еко Стар Рециклажа | Заеднички пазарен удел |
|---|---|---|---|
| Отпадна хартија | 30-40% | 30-40% | 70-80% |
| Отпадна пластика | 5-10% | 0-5% | 10-20% |
| Отпадно стакло | 10-20% | 0-5% | 10-20% |

Табела 3: Преглед на уделите на релевантните пазари собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија ,отпадна пластика и отпадно стакло на територија на Град Скопје (доколку се земат предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други и откупени количини од други лиценцирани субјекти)

| Тип на отпад | Нутривет | Еко Стар Рециклажа | Заеднички пазарен удел |
|---|---|---|---|
| Отпадна хартија | 30-40% | 30-40% | 70-80% |
| Отпадна пластика | 5-10% | 0-5% | 10-20% |
| Отпадно стакло | 50-60% | 0-5% | 50-60% |

Пред концентрацијата, на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија на територија на Град Скопје пазарниот удел на НУТРИВЕТ изнесува 30-40%( доколку се земе предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други/ односно без откупени количини од други лиценцирани субјекти)односно 30-40% (доколку се земат предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други и откупени количини од други лиценцирани субјекти) додека на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА изнесува 30-40%, односно 30-40%. По концентрацијата, без разлика дали при пресметката ќе се земе предвид собран отпад само од создавачи на отпад, физички лица и други или и откупени количини од други лиценцирани субјекти заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата ќе изнесува над 70% (70-80% односно 70-80% соодветно)

Пред концентрацијата, на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадно стакло на територија на Град Скопје пазарниот удел на НУТРИВЕТ изнесува 10-20%( доколку се земе предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други/ односно без откупени количини од други лиценцирани субјекти) односно 50-60% (доколку се земат предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други и откупени количини од други лиценцирани субјекти) додека на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА изнесува 0-5%, односно 0-5%. По концентрацијата, доколку при пресметката се земе предвид собран отпад од создавачи на отпад, физички лица и други и откупени количини од други лиценцирани субјекти заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата ќе изнесува над 50-60%, односно зголемувањето е минимално.

Врз основа на горенаведеното, а имајќи ги во предвид Насоките за оценка на хоризонтални концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, врз основа на информациите, доставени од подносителот на известувањето во известувањето, дополната

на истото, како и од податоците и информациите дополнително прибавени од учсниците во концентрацијата и од релевантни трети страни Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека спроведување на предметната концентрација ќе доведе до значително ограничување на конкуренцијата особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција на релевантниот пазар на собирање, транспорт, складирање и третман на отпадна хартија, на територија на Република Северна Македонија, односно на територија на Град Скопје преку некоординирани ефекти.

На ден 15.03.2024 година подносителите на известувањет - КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО Умка, Србија и НУТЕРИВЕТ ДОО Скопје до Комисијата доставија Обврски кои се спремни да ги преземат пред Комисијата со цел добивање на условно постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата („Предлог изменети обврски на Страните со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата“), односно ги доставија следните:

*Обврски*

***1. ДЕФИНИЦИИ***

| | |
|---|---|
| ***Деловен потфат*** | *Го има значењето дадено во Дел 3 од овие Обврски* |
| ***Договор за XXX*** | *Значи Договор XXX недвижен имот склучен во Скопје на XXX година помеѓу i) XXX и*<br>*ii) Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС 6989209, ЕДБ 4057014526923, со седиште на ул. Борис Трајковски број 87 Скопје, како XXX* |
| ***ЕСР*** | *Друштво за производство, трговија и услуги ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС 6989209, ЕДБ 4057014526923, со седиште на ул. Борис Трајковски број 87 Скопје* |
| ***Спроведување на Концентрацијата*** | *Значи исполнување на сите постапки и чекори за спроведување на концентрацијата помеѓу Страните на начин и во правна форма како што е опишана во* |

| | |
|---|---|
| | *Известување за Концентрација поднесено од Страните на 05.07.2023 година.* |
| ***Комисијата*** | *Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија* |
| ***Недвижен имот*** | *Преставува недвижниот имот опишан во точка 3.2.1 од овие Обврски* |
| ***НУТРИВЕТ*** | *НУТРИВЕТ ДОО Скопје со седиште на ул. Лисец бр.1Б Скопје со ЕМБС 5756430* |
| ***Купувач/Преземач*** | *Значи купувач/презeмач на Деловниот потфат кој ќе биде одобрен како подобен купувач/преземач на Деловниот потфат од страна на Комисијата* |
| ***Обврски*** | *Обврски на Страните преземени пред Комисијата како што се опишани подолу* |
| ***Подвижни предмети*** | *Подразбираат подвижните предмети опишани како дел од Деловниот Потфат* |
| ***Преоден Временски Период*** | *Претставува периодот од датумот на донесување на Решението на Комисијата за одобрување на Концентрацијата условена со исполнување на Обврските, до датумот на пренос на Деловниот Потфат на одобрениот Купувач/Преземач* |
| ***Страни*** | *ЕСР и НУТРИВЕТ* |
| ***Пренос на Деловен Потфат*** | *Склучување на правно обврзувачки договор/и со Купувачот/Преземач за пренос на Деловниот Потфат, одобрени од Комисијата* |

| | |
|---|---|
| ***Рок за Пренос на Деловниот Потфат*** | *Период од 6 (шест) месеци од датумот на Решение на Комисијата со која се одобрува Концентрацијата условена со Обврските* |
| ***Рок за реализација на Преносот на Деловниот Потфат*** | *XXX месеци од датумот на издавање на дозвола од страна на МЖСПП на ЕСР за вршење на дејност на складирање и третман на отпад на локација на XXX, во кој рок ќе се спроведе и реализира Преносот на Деловниот Потфат* |
| ***Централниот Регистар на Република Северна Македонија*** | *ЦРСМ* |
| ***Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија*** | *МЖСПП* |

## 2. *ОБВРСКА ДА СЕ ПРЕНЕСЕ ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ*

*2.1. Со цел одржување на ефективна конкуренција на пазарот, Страните се согласни да го пренесат Деловниот потфат на Купувач/Преземач одобрен од страна на Комисијата во согласност со постапката опишана во дел 4 од овие Обврски.*

*2.2. Со цел реализирање на отстапувањето на Деловниот потфат, Страните се обврзуваат да најдат Купувач/Преземач на Деловниот потфат и со истиот да ги склучат правно обврзувачки договор/и, најдоцна до истекот на Рокот за Пренос на Деловниот Потфат, врз основа на кои ќе се овозможи Купувачот/Преземач да се стекне со контрола над Деловниот Потфат, односно да се реализира Преносот на Делониот Потфат најдоцна до истекот на Рокот за реализација на Преносот на Деловниот Потфат.*

*2.3. Спроведувањето на Концентрацијата која е предмет на Известување за концентрација поднесено од Страните е условено со Преносот на Деловниот Потфат, односно со склучувањето на правно обврзувачки договор/и со Купувач/Преземач одобрен од страна на Комисијата, и истото може да се извршува по склучувањето на правно обврзувачки договор/и со Купувач/Преземач одобрени од страна на Комисијата.*

*2.4. Ќе се смета дека Страните ги исполниле Обврските за Пренос на Деловниот Потфат ако до истекот на Рокот за Пренос на Деловниот Потфат склучат правно обврзувачки договор/и за пренос на Деловниот Потфат на Купувач/Преземач, претходно одобрени од страна на Комисијата, по што Страните ќе отпочнат со дејствија за Спроведување на Концентрацијата.*

## *3. ОПСЕГ НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ КОЈ СЕ ПРЕНЕСУВА*

*3.1. Деловниот потфат се состои од деловниот потфат на ЕСР за складирање и третман на неопасен отпад на локација која се наоѓа на XXX, општина Кисела Вода, Скопје.*

*3.2. Деловниот потфат кој се пренесува го опфаќа имотот (права, предмети и персонал) кој е неопходен и кој придонесува за негово тековно работење, извршување на дејност на складирање и третман на неопасен отпад, и се состои од:*

*3.2.1.* ***Право на XXX на недвижен имот*** *- на недвижниот имот опишан како што е наведено подолу, XXX:*

*i) Деловен простор XXX, Скопје – Кисела Вода:*
*XXX*

*ii) Земјиште XXX кое се наоѓа XXX Горно Лисиче-XXX*

*iii) Земјиште XXX кое се наоѓа XXX Горно Лисиче-XXX*

*XXX*

*По отстапување на XXX на Недвижниот Имот на Купувачот/Преземачот, дозволата на ЕСР за складирање и третман на неопасен отпад на локација на Недвижниот Имот ќе престане, а Купувачот/Преземачот, со стекнување на правото на XXX на Недвижниот Имот, може (самостојно без присуство на ЕСР) да аплицира и да се стекне со дозвола за складирање и третман на неопасен отпад на локација на Недвижниот Имот.*

*3.2.2.* ***Подвижни предмети****:*

| | | |
|---|---|---|
| *1.* | *Преса за балирање (балирачка)* | *XXX* |
| *2.* | *Индустриски транспортер (транспортна лента)* | *XXX* |
| *3.* | *Вага* | *XXX* |

*Подвижните предмети наведени погоре се сопственост на ЕСР, истите се во оперативна состојба и физички се инсталирани/вградени на локацијата на Недвижниот имот.*

*На одобрениот Купувач/Преземач ќе му биде понудено од страна на ЕСР да ги закупи Подвижните Предмети со траење на закуп од најмалку XXX години или да ги откупи од ЕСР. Во случај Купувачот/Преземач да одбие да се стекне со Подвижните Предмети, без оглед по основ на закуп или откуп, истото нема да се смета за неисполнување на*

*Обврските од страна на Страните, односно Страните се смета дека се ослободени од обврската за пренесување на Подвижните Предмети. Исто така, во случај Подвижните Предмети да бидат дадени во закуп на Купувачот/Преземач и истиот да го раскине закупот еднострано, или пак закупот да биде раскинат од страна на ЕСР поради неисполнување на обврски од Купувачот/Преземач како закупец кои вообичаено се очекуваат од закупец на подвижни предмети и особено вклучуваат: навремено плаќање на закупнина, одржување на закупени предмети, забрана за отуѓување, оштетување на закупените предмети и слично, нема да се смета за неисполнување на преземените Оврски на Страните во однос на преност на Подвижните Предмети.*

*3.2.3.* ***<u>Персонал</u>*** *– функционирањето на Деловниот потфат е потпомогнато од физичка активност од страна на работници/персонал и вршење на одредени дејности од нивна страна, за која цел, Страните ќе му понудат на Купувачот/Преземачот да ги преземе сите или дел од (по избор на Купувач/Преземач) следните работници на ЕСР:*

- *XXX*

*Имајќи предвид дека Персоналот не преставуваат лица со посебни стручни кавлификации, односно персонал за вршење на дејноста на Деловниот Потфат може да бидат дури и неквалификувани работници кои можат да се обучат во разумно време од страна на било кој оператор, одбивањето од страна на Купувачот/Преземачот да ги преземе сите или дел од Персоналот, како и престанок на работниот однос на преземениот Персонал кај Купувачот/Преземачот по нивното преземање, нема да се смета за неисполнување на Обврски на Страните во однос на пренесување на Персонал како дел од Деловниот Потфат.*

## *4. КУПУВАЧ/ПРЕЗЕМАЧ И ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КУПУВАЧОТ/ПРЕЗЕМАЧ И ПРЕНОСОТ НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ*

*4.1. Со цел Купувачот/Преземач да биде одобрен од страна на Комисијата како подобен, истиот мора да ги исполни следните критериуми:*

*i) Да биде независен и неповрзан со Страните во Концентрацијата;*

*ii) Да поседува финансиски ресурси, докажана релевантна стручност и мотивираност и способност да го одржува и развива Деловниот Потфат кој се отстапува како одржлива и активна конкурентна сила во конкуренција со Страните во концентрацијата и останатите конкуренти; и*

*iii) Стекнувањето на Деловниот потфат од страна на предложениот Купувач/Преземач не смее да создаде нови проблеми со конкуренцијата, ниту да го доведе до ризик од одложување спроведувањето на Обврските. Од предложениот Купувач/Презeмач разумно мора да се очекува да ги добие сите неопходни одобренија до релевантните регулаторни тела во Република Северна Македонија за преземање на Деловниот потфат кој се отстапува. Во секој случај стекнувањето од страна на Купувачот/Преземач на соодветни одобренија, освен одобрението од Комисијата, од страна на надлежните регулаторните тела во Република Северна Македонија нема да го суспендира,*

*ниту условува Спроведувањето на Концентрацијата и Решението на Комисијата со кое се одобрува предметната Концентрација.*

4.2. *Конечниот/конечните правно обврзувачки договор/и во врска со пренос на Деловниот Потфат од ЕСР на Купувачот/Преземачот, ќе бидат условени со одобрение на Комисијата. Кога Страните ќе имаат постигнато договор со потенцијален Купувач/Преземач, Страните ќе достават до Комисијата документација за идентификација на Купувачот/Преземачот вклучително и копија од предлог верзија на конечните договори. Комисијата ќе ја потврди подобноста на Купувачот/Преземачот, односно исполнетоста на критериумите за подобен Купувач/Преземач предвидени со овие Обврски и Пренос на Деловниот Потфат согласно овие Обврски вклучително и нивната цел да резултираат со структурална промена на пазарот. Комисијата може да одобри пренос на Деловниот Потфат кој се отстапува без едно или повеќе средства (Подвижни Предмети) или Персонал или со замена на едно или повеќе средства и /или Персонал со други, зависно од договорот помеѓу ЕСР и предложениот Купувач/Преземач.*

4.3. *Страните преземаат обврска да и достават на Комисијата информации кои се доволни за Комисијата да утврди исполнетост на условите од точка 4.1 од овие Обврски од страна на Купувачот/Преземач.*

## 5. *ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ВО ПРЕОДНИОТ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД*

5.1. *Страните во концентрацијата се обврзуваат во Преодниот Временски Период да ги исполнат следните обврски:*

5.1.1. *Заштитни мерки за меѓувремено зачувување на рентабилноста на Деловниот Потфат*

*Учесниците во концентрацијата ќе го сведат на минимум секој можен ризик од загуба на конкурентскиот потенцијал на Деловниот Потфат и ќе обезбедат одржување на независноста, економската рентабилност, пазарната вредност и конкурентност на Деловниот потфат, а особено:*

- *Ќе обезбедат сиот имот на Деловниот Потфат да се одржува во согласност со добрите деловни пракси и во вообичаениот тек на работењето;*
- *Нема да преземаат активности кои може да имаат значително негативно дејство врз вредноста на имотот кој го сочинува Деловниот Потфат;*
- *Ќе преземат разумни чекори за охрабрување на клучниот кадар да остане во Деловниот Потфат. Во секој случај Обврските на Страните во врска со Персоналот во никој случај не смееат да го повредат уставно загарантираното право на Персоналот на работа и слободен избор на вработување и не смеат да резултираат со повреда на забрана за дискриминација од страна на Страните.*

5.1.2. *Неопходни чекори за подготовка на преносот на Деловниот Потфат*

*Страните преземаат обврска да обезбедат писмена согласност од трети страни - XXX Недвижниот Имот кој преставува дел од Деловниот Потфат за отстапување и пренос на правото на XXX на недвижниот имот од ЕСР на Купувачот/Преземач XXX.*

*5.1.3. Страните се обврзуваат да ги преземат следните специфични обврски кои се однесуваат на спроведување и надзор на процесот на пренос на Деловниот Потфат:*

*5.1.3.1. Страните ќе обезбедат потенцијалните купувачи/преземачи да може да спроведат длабинска анализа (due diligence) и да добијат доволно информации кои се однесуваат на Деловниот Потфат кој се пренесува, за да им се овозможи целосно да ја процента вредноста, опсегот и комерцијалниот потенцијал на Деловниот Потфат. Ќе се смета дека Деловниот Потфат е пренесен на одобрениот Купувач/Преземач со потпишување на правно обврзувачки договор/и за пренос на правото на XXX на Недвижниот Имот, права на Подвижни Предмети и отстапување на Персонал (во обем утврден во договорот/договорите за пренос) кои го сочинуваат Деловниот Потфат на Купувач/Преземач, претходно одобрени од страна на Комисијата.*

*5.1.3.2. Страните преземаат обврска да достават писмено известување до Комисијата во рок од 7 (седум) дена од датумот на потпишување на правно обврзувачки договор/и за Пренос на Деловниот Потфат, потврдувајќи го Преносот на Деловниот Потфат на одобрениот Купувач/Преземач.*

*5.1.3.3. Страните преземаат обврска да доставуваат до Комисијата периодични (месечни) извештаи за можните купувачи и текот на преговорите, како и обврска на барање на Комисијата да ги достават сите потребни информации за процесот на пренос на Деловниот Потфат.*

*5.1.3.4. На крајот на процесот на спроведување и реализација на пренос на Деловниот Потфат на Купувачот/Преземач, а најдоцна до истекот на Рокот за реализација на Отстапување на Деловниот Потфат, Страните ќе испратат конечен извештај, потврдувајќи го спроведувањето на Преносот на Деловниот Потфат на одобрениот Купувач/Преземач.*

*5.1.3.5. Страните преземаат да ги покријат сите трошоци за администрирање на процесот на пренос на Деловниот потфат.*

## *6. ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ВО КОНЦЕНТРАЦИЈАТА ПО ПРЕНОСОТ НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ*

*6.1. Со цел да се задржи структурното дејство на Обврските, Страните преземаат обврска во период од 10 (десет) години по концентрацијата да не стекнат повторна контрола врз Деловниот Потфат кој се пренесува, со исклучок на повторно преземање на Подвижните Предмети во случај на престанок на закуп на истите доколку одобрениот Купувач/Преземач одлучи Подвижните Предмети да ги закупи наместо да ги откупи, како со исклучок на задржување или повторно преземање на Пресоналот во случај одобрениот Купувач/Преземач да не го преземе или да го раскине работниот однос со преземениот Персонал.*

*6.2. Во секој случај, Страните имаат право по нивно писмено барање упатено до Комисијата, да бидат ослободени од оваа обврска, доколку Комисијата дополнително утврди дека дошло до промена на условите на пазарот до тој степен така што отсуството на*

*влијание врз Деловниот Потфат не е повеќе потребно за концентрацијата да биде во согласност со Законот.*

## *7. КЛАУЗУЛА ЗА РЕВИДИРАЊЕ*

*7.1. Комисијата може, во одговор на образложено барање од страна на Подносителот на Известувањето со оправдани причини, да се откаже, да ги измени или замени, во исклучителни околности, обврските содржани во овие Обврски. Поднесувањето на такво барање од страна на Подносителот на Известувањето нема да предизвика суспендирање на примената на овие Обврски и, особено, на суспендирање на течењето на кој било рок во кој треба да се исполни релевантната Обврска.*

Комисијата ги разгледа Изменетите Обврски доставени од поносителите на известувањето на 15.03.2024 година и утврди дека истите се доволни за да се надминат ограничувањата на конкуренцијата кои инаку би настанале со предметната концентрација и нивното исполнување е доволно за да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ана Николоска